A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 19.04.2019

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Х.Е.(24) од село Добридол, гостиварско и Ч.И.(21) од село Топлица, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување пари“ и „измама“. На 02.03.2018 година во угостителски објект во Гостивар, пријавените платиле сметка со фалсификувана банкнота од 100 евра.

На 18.04.2019 година во 13.40 часот, поради илегално преминување на државната граница со Република Албанија, на место викано „Шуланска раскрсница“, бил приведен С.П.(38) од Република Албанија.

На 19.04.2019 година во 00.30 часот на локалниот пат Мирковци-Сандево,скопско, патничко возило „Рено Меган‟ со скопски регистарски ознаки, управувано од В.М.(23) од с.Мирковци, изгубило контрола и излетало надвор од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот, а со телесни повреди се здобил сопатникот Д.Ј.(29). На двајцата им била укажана лекарска помош во Комплексот клиники „Мајка Тереза‟. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 18.04.2019 година во 07.45 часот на улица „Варшавска‟ патничко моторно возило „Лада‟ со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.Ѓ.(48) од с.Волково, скопско, удрило во пешакот Б.И.(48) од Скопје. Притоа, пешакот се здобил со тешки телесни повреди и му била укажана помош во Клиничката болница „Аџибадем Систина‟. На местото на настанот извршен бил увид од екипа од СВР Скопје.

На 18.04.2019 година во 15.30 часот во Полициската станица Аеродром, П.Т.(74) од Скопје пријавил дека на булевар „Јане Сандански‟ бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 18.04.2019 година во 23.20 часот во Полициската станица Аеродром, В.Т.(69) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 21.00 часот на улица “Васко Карангелески‟ бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Во текот на изминатиот ден (18.04.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 32 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 31 возач од кои: 26 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и пет возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така, исклучени од сообраќај се и 24 возила бидејќи 23 биле нерегистрирани, а едно возило било технички неисправно. Санкционирани се четири возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, девет возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, двајца поради неправилно престројување, еден возач на мотоцикл поради неносење заштитен шлем, 10 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 19 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се двајца пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатите денови издадени се 103 мандатни платни налози и 65 возила се подигнати со специјално возило "пајак". Изминатиот ден се случиле 10 сообраќајни незгоди во кои едно лице се здобило со тешки телесни повреди, а шест лица со телесни повреди.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Р.М.(42) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 24.12.2018 година во 12.00 часот во Куманово, при преземање на службени дејствија во врска со претходно пријавена поплака, полициски службеници во домот на пријавениот пронашле и одзеле марихуана.

На 18.04.2019 година околу 20.15 часот на автопатот Тетово-Гостивар, на наплатната станица Тетово, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Тетово запреле патничко возило „БМВ" со гостиварски регистарски таблици, управувано од Б.Б.(22) од гостиварското село Чегране, а во кое се наоѓал и И.С.(24) од истото село. При преглед на возилото била пронајдена и одземена марихуана. Б.Б. и И.С. биле лишени од слобода и задржани во Полициската станица Тетово, а по целосно расчистување и документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.04.2019 година полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, сигурносен појас. Притоа, контролирани се 260 возачи, од кои 19 возачи ја надминале дозволената брзина, девет возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле пет возила и два возачи зборувале на мобилен телефон при управување на возилото.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар, до Основното јавно обвинителство Гостивар, поднесе кривична пријава против Ј.Ј.(43) од Тетово поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „измама". Пријавениот Ј.Ј. се сомничи дека на почетокот на април годинава, со цел да прибави имотна корист, го довел во заблуда 58-годишниот Џ.С. од гостиварска Долна Бањица и го убедил дека ќе му обезбеди документи со кои ќе може да се стекне со дозвола за работа во Германија. Притоа, осомничениот во неколку наврати на Џ.С. му наплатил вкупно 7700 евра, за што потпишал и изјава во која била наведена сумата и роковите за исполнување на неговите обврски. Судија во претходна постапка на Основниот суд Гостивар на Ј.Ј. му определил мерка притвор од осум дена.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.А.(38) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „употреба на

исправа со невистинита содржина". Во септември 2017 година пријавениот, како возач во Клиничката болница – Битола, приложил лажна диплома за завршено средно образование од средно училиште од Скопје, по што бил поставен на работно место референт на возен парк во болницата.

На 18.04.2019 година во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека околу 10.30 часот Д.Т.(65) од с.Каласлари, велешко, паднал од покрив додека извршувал градежни работи на црквата ,,Покровение на Богородица" во с.Каратманово, општина Лозово, при што се здобил со тешки телесни повреди. Со возило на Итна медицинска помош тој бил пренесен во болницата во Велес, а потоа во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Свети Николе.

На 18.04.2019 година во 21.40 часот во Полициската станица Центар, М.А.М.(38) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 18.20 часот на плоштад „Македонија" нејзиниот 13 - годишен син, кој бил со своите брат и сестра, бил физички нападнат од две непознати лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.04.2019 година во 20.30 часот во СВР Скопје, А.Д.(34) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 13.30 часот на улица „Димитрија Чуповски" нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку други малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.04.2019 година во 20.20 часот во СВР Скопје, А.С. од Скопје пријавила дека пронашла зрно од огнено оружје кое паднало на тендата од терасата. Екипа од СВР Скопје извршила увид на местото и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.04.2019 година во 16.00 часот во Полициската станица Карпош, В.Т.(57) од Скопје пријавила дека од домот во непознат правец се оддалечил нејзиниот татко А.Т.(86). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 18.04.2019 година во 13.20 часот во Полициската станица Драчево, Л.Т.(53) од Скопје пријавила на улица „Иван Хаџиниколов" нејзиниот 17 годишен син бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.М.(81) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрсувачки материи". На 01.02.2019 година во Кавадарци, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле пиштол калибар 7,65 мм и 21 куршум калибар 7,65 мм, кои ги поседувал без соодветна дозвола.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)